# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

**1658.**

Врз основа на член 53 став (6) од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/20 и 74/25), министерот за економија и труд донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕДИНСТВЕНА ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРЕКРШОЦИТЕ, ИЗРЕЧЕНИТЕ САНКЦИИ И ДОНЕСЕНИТЕ ОДЛУКИ ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водење на единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки од областа на безбедност и здравје при работа од страна на Комисијата за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: евиденцијата).

Член 2

(1) Евиденцијата се води во електронска форма.

(2) Во евиденцијата, се внесуваат податоци за: реден број на предмет, архивски број на барањето за поведување на прекршочна постапка, назив и седиште на правното лице, име и презиме на одговорното лице во правното лице, правен основ за сторен прекршок, известување до сторителот на прекршокот за поведена прекршочна постапка, решение на Комисијата за одлучување по прекршок по барањето за поведување на прекршочна постапка, правосилност и извршност на решението на Комисијата за одлучување по прекршок и начин на извршувањето (доброволно или присилно).

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 12-3276/2 | Министер |
| 22 мај 2026 година | за економија и труд, |
| Скопје | **Бесар Дурмиши**, с.р. |

---

Në bazë të nenit 53 paragrafi (6) të Ligjit për Sigurinë dhe Shëndetin në Punë („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 dhe 30/16 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 18/20 dhe 74/25), ministri i Ekonomisë dhe Punës miratoi

## RREGULLORE
## PËR MËNYRËN E MBAJTJES SË EVIDENCËS SË VETME TË KUNDËRVAJTJEVE, SANKSIONETE SHQIPTUARA DHE VENDIMEVE E MIRATUARA NË FUSHËN E SIGURISË DHE SHËNDETIT NË PUNË

Neni 1

Me këtë rregullore përcaktohet mënyra e mbajtjes së regjistrit të vetëm të kundërvajtjeve, sanksioneve të shqiptuara dhe vendimeve të marra në fushën e sigurisë dhe shëndetit në punë nga Komisioni për vendimmarrje ndaj kundërvajtjes (në tekstin e mëtejmë: evidenca).

Neni 2

(1) Evidenca do të mbahet në formë elektronike.

(2) Në procesverbal shënohen të dhënat për: numrin e rendit të lëndës, numrin arkivor të kërkesës për fillimin e procedurës kundërvajtëse, emërtimin dhe selinë e personit juridik, emrin dhe mbiemrin e personit përgjegjës në subjektin juridik, bazën juridike për kundërvajtjen e kryer, njoftimin e autorit të kundërvajtjes për procedurën e filluar kundërvajtëse, akvendimin i Komisionit për vendimmarrje ndaj kundërvajtjes ndaj kërkesës për fillimin e procedurës kundërvajtëse, vlefshmërinë dhe ekzekutimin e aktvendimit të Komisionit për vendimmarrje ndaj kundërvajtjes dhe mënyrës së ekzekutimit (vullnetarisht ose detyrimisht).

Neni 3

Kjo rregullore hyn në fuqi ditën e nesërme nga dita e shpalljes në „Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

| | |
|---|---|
| Nr. 12-3276/2 | Ministër |
| 22.5.2026 | i Ekonomisë dhe Punës, |
| Shkup | **Besar Durmishi**, d.v. |

# УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1659.**

Уставниот суд на Република Северна Македонија, во состав д-р Дарко Костадиновски, претседател на Судот и судиите Насер Ајдари, м-р Татјана Васиќ-Бозациева, д-р Осман Кадриу, Добрила Кацарска, д-р Гоце Наумовски, д-р Ана Павловска-Данева и м-р Фатмир Скендер, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Северна Македонија и член 72 алинеја 1 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.115/2024) на седницата одржана на 29 април 2026 година, донесе